Архивски бр. 08-2118/5
Датум 30. 05. 2019

ЗАПИСНИК
ОД УВИД ВО ОСНОВНИОТ СУД КУМАНОВО

Комисијата за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник (во натамошниот текст: Надзорната комисија) на ден 23.4.2019 година (вторник) во 10.00 часот, согласно Планот за надзор бр. 02-1034/1 од 7.02.2019 година, го започна увидот во функционалноста на Автоматскиот компјутерски систем за управување со судските предмети (АКМИС) во Основниот суд Куманово.

Претходно, со писмо од 1.4.2019 година претседателот на Основниот суд Куманово беше известен за претстојниот надзор и беше доставен список на документација која треба да биде подготвена за увид.

Увидот во функционалноста на АКМИС-от започна со интервју со Претседателот на судот во врска со обврските предвидени со Законот за управување со движењето на предметите во судот и Судскиот деловник. Претседателот на судот истакна дека во судот работат 22 судии (заедно со претседателот) од 34 предвидени судиски места по систематизација, а од нив двајца судии се делегирани во други судови. Во судот работат 27 судски стручни соработници, односно во судот вкупно работат 155 вработени од кои 5 се судска полиција.

Претседателот на судот нагласи дека кога била преземена функцијата претседател на судот дисциплината на вработените во судот била на многу ниско ниво и дека се уште се соочува со проблеми и отпор кај вработените. Имено, претседателот нагласи дека кога таа бара од вработените да си ги исполнат своите работни обврски, тие реагираат како да им се даваат нови задолженија надвор од законските обврски. Меѓу другото, беше истакнато дека не се пополнуваат во АКМИС-от повеќе индикатори како на пр. Број на деца жртви и сл. и за истите нема статистички податоци бидејќи вработените го сметаат за дополнителна работа. Секој обид за дисциплинирање на состојбите во судот резултирало со анонимни пријави до Судскиот совет за мобинг.

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Архивски бр._08-2118/_
Датум ____________________

ЗАПИСНИК
ОД УВИД ВО ОСНОВНИОТ СУД КУМАНОВО

Комисијата за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник (во натамошниот текст: Надзорната комисија) на ден 23.4.2019 година (вторник) во _10.00 часот, согласно Планот за надзор бр. 02-1034/1 од 7.02.2019 година, го започна увидот во функционалноста на Автоматскиот компјутерски систем за управување со судските предмети (АКМИС) во Основниот суд Куманово.

Претходно, со писмо од 1.4.2019 година претседателот на Основниот суд Куманово беше известен за претстојниот надзор и беше доставен список на документација која треба да биде подготвена за увид.

Увидот во функционалноста на АКМИС-от започна со интервју со Претседателот на судот во врска со обврските предвидени со Законот за управување со движењето на предметите во судот и Судскиот деловник. Претседателот на судот истакна дека во судот работат 22 судии (заедно со претседателот) од 34 предвидени судиски места по систематизација, а од нив двајца судии се делегирани во други судови. Во судот работат 27 судски стручни соработници, односно во судот вкупно работат 155 вработени од кои 5 се судска полиција.

Претседателот на судот нагласи дека кога била преземена функцијата претседател на судот дисциплината на вработените во судот била на многу ниско ниво и дека се уште се соочува со проблеми и отпор кај вработените. Имено, претседателот нагласи дека кога таа бара од вработените да си ги исполнат своите работни обврски, тие реагираат како да им се даваат нови задолженија надвор од законските обврски. Меѓу другото, беше истакнато дека не се пополнуваат во АКМИС-от повеќе индикатори како на пр. Број на деца жртви и сл. и за истите нема статистички податоци бидејќи вработените го сметаат за дополнителна работа. Секој обид за дисциплинирање на состојбите во судот резултирало со анонимни пријави до Судскиот совет за мобинг.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Претседателот на судот истакна дека најголем проблем со кој се соочува судот се неархивираните предмети. Имено, беше нагласено дека во судот има неархивирани предмети од 1936 година. За дел од предметите од 1936-1946 година ќе биле преземени како историска вредност од Државниот архив, а за останатите потребно е да се архивираат и да се преземат соодветни дејствија. Воедно, било договорено со Државниот архив да се вршат обуки на вработените.

Исто така, претседателот истакна дека Судскиот совет не извршил надзор над работата на Основниот суд во Куманово приближно 10 (десет) години.

Надзорната комисија побара документацијата наведена во гореспоменатиот допис да биде доставена на увид и притоа, во однос на бараните документи беше утврдено следното:

**1. Одлуките за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за 2017, 2018 и 2019 година.**

Беше констатирано дека се донесени одлуки за формирање на работното тело за управување со движење на предметите во судот за 2017, 2018 и 2019 година и се изврши увид во одлуките.

**2. Годишен план за управување со движењето на предметите за 2017, 2018 и 2019 година по предлог на Работното тело**

Констатирано е дека Годишни планови за управување со предметите за 2018 и 2019 година се донесени, а за 2017 година не е донесен.

**3. Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно за 2017, 2018 и 2019 година (член 17 од СД).**

Надзорната комисија беше известена дека претседателот врши надзор и почесто од она што е законски предвидено, но не секогаш се прават службени белешки, односно, службените белешки се изготвуваат само ако се констатираат недостатоци. Беше нагласено дека вработените во писарницата имаат координатори од редот на стручните соработници со кои се решаваат проблемите.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

**4. Извештаите на повисокиот суд за работата на Основниот суд Куманово, за 2017, 2018 и 2019 година**

Надзорната комисија изврши увид во извештаите на Апелациониот суд Скопје од каде се констатираше дека во текот на 2017 година повисокиот суд извршил надзор во месец октомври, во 2018 година надзорот бил во мај, а последниот надзор бил во април оваа година и се чека на извештајот на Апелациониот суд.

**5. Записници од одржани седници на месечно ниво (членови 19 и 22 од СД) и увид во записници**

Претседателот информираше дека одржува седници редовно, но се одржуваат и вонредни седници, кога е утврдена потреба за нивно одржување. Надзорната комисија изврши увид во записниците и се утврди дека седниците редовно се одржуваат на актуелни теми и се читаат месечните извештаи од АКМИС - от.

**6. Организирани обуки и судски службеници за користење на АКМИС (член 26 од СД)**

Тековни обуки за работење на АКМИС на вработените врши судскиот информатичар и тоа секојдневно. Беше подвлечено дека нема организирана и систематска обука, а дека секојдневните обуки на вработените се должат на фактот што судските службеници покажуваат отпор кон користењето на алатките на АКМИС-от.

***ПРЕПОРАКА: Надлежните органи да преземат чекори во организирање на континурана обука за ИКТ технологијата на информатичарите и другите вработени во судови, како и заради поголема ангажираност на вработните за целосно искористување на капацитетите на АКМИС-от.***

**7. Судски администратор (член 60 од СД)**

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Судот нема судски администратор во моментов, но во тек е постапката за избор и се чека завршување на претседателските избори за да се заврши изборот.

***ПРЕПОРАКА: Земајќи ги предвид надлежностите на судскиот администратор, се препорачува простапката за избор на судски администратор да се заврши и да се избере судски администратор.***

**8. Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи, за контролираниот период (член 61 од СД)**

Списокот за вработените по кориснички групи е донесен во 2018 година и истиот е со важност до денес, без промени.

**9. Достава на извештај за реализација на програма за работа најдоцна до 1 март до Судски совет, од страна на претседател на суд**

Претседателот на судот врши редовна достава на извештај за реализација на програмата за работа до Судскиот совет на Република Северна Македонија најдоцна до 1 март, но Судскиот совет не доставува коментари.

**10. Внатрешни процедури за привилегии за АКМИС, исто за период од три последни години (член 61 од СД)**

Внатрешните процедури за Основниот суд Куманово се донесени 25 јануари 2018 година и истите се со важност бидејќи нема промени.

**11. Број , вид на судски оддели со број на судии кои постапуваат по предметите (имиња и област по кој постапуваат) (член 66 СД)**

Бројот, видот на судски оддели со судиите кои постапуваат по секоја област се утврдени со годишните распореди. Надзорната комисија утврди дека работата во судот се организира во 2 (два) судски оддели: Кривичен и граѓански оддел.

**12. Формиран оддел за судска практика во судот (член 74 од СД)**


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification
BUREAU VERITAS 1828

Надзорната комисија беше информирана дека не е формиран оддел за судска практика заради малиот број на судии и од причина што предметите не се нормираат.

**<u>13. Годишниот распоред на судии и сите измени на годишниот распоред на судии, со записници за запазена процедура за 2017, 2018 и 2019 година, дали се донесени до 31.12 во тековната година, колку пати се менувани и дали е запазена процедурата (мислење од седница на судии и достава до сите судии (член 113 од СД)</u>**

Годишниот распоред на Основниот суд Куманово за 2017 година е донесен на ден 29.12.2016 година и е менуван на 8.2.2017 година без образложение. Воедно, на Надзорната комисија и беа доставени пречистени текстови од измени на годишниот распоред и тоа од 21.6.2017 година, 21.9.2017 година и 16.11.2017 година со образложенија дека измените се вршени „заради потребите на судот“, а измената од 7.12.2017 година била извршена заради избор на судија за претседател на суд.

Годишниот распоред на Основниот суд Куманово за 2018 година е донесен на ден 26.12.2017 година и е менуван еднаш заради пензионирање на двајца судии од граѓанскиот оддел.

Годишниот распоред на Основниот суд Куманово за 2019 година е донесен на ден 28.12.2018 година и до моментот на надзорот е менуван еднаш заради делегирање на судија во Основниот суд Скопје 1 Скопје.

***ПРЕПОРАКА: Измените на годишниот распоред на судии да се вршат секогаш согласно одредбите на Судскиот деловник, да се запазува постапката за измени и да се даваат јасни образложенија.***

***Воедно, се препорачува Судскиот совет да ја преиспита целисходноста на делегирање на судии од поголеми судови во судовите во Скопје. Од една страна, судовите со проширена надлежност се жалат на недостиг на судии, а од друга***


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

***страна се врши делегирање на нивни судии. Препорачуваме обрнување на внимание на овој факт.***

**14. Месечните распореди и времетраење на дежурста во судот, евидентирани во АКМИС за 2017, 2018 и 2019 година (116)**

На Надзорната комисија и беа доставени на увид месечните распореди за дежурства и истите се испраќаат навремено до МВР, СЈО и ОЈО.

Месечните распореди за дежурства се евидентираат во АКМИС, но без внесен документ.

Надзорната комисија изврши увид во бројот на ново заведени предмети по уписници за 2017, 2018 и 2019 година и во листата на уписници.

**15. Простории за судии поротници и за адвокати (член 120 од СД)**

Надзорната комисија беше информирана дека во судот нема простории за судии поротници и за адвокати. На влезот на зградата на судот јасно стојат табли дека во зградата се сместени Основното јавно обвинителство, Државното правобранителство и Водостопанство.

***ПРЕПОРАКА:Да се преиспита можноста Основното јавно обвинителство, Државното правобранителство и Водостопанство да се преместат на друга локација, со оглед дека се работи за субјекти кои пред судот се јавуваат како странка во постапката.***

**16. Огласна табла на судот (член 122 од СД)**

Судот располага со огласни табли кои се во функција на видливо место. Во судот има поставено и дисплеи кои се во функција.

Како проблем се истакна прашањето за објавување на огласи на веб – страницата на судот, односно недостатокот на законски основ и дизајнот на веб - страницата кои не дозволуваат објава на огласи.

***ПРЕПОРАКА: Да се преиспита можноста за законски измени со цел да се предвиди објава на огласите на веб-страницата на судот и да се редизајнира веб-страницата на судовите со таа цел.***


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

**17. Формирана канцеларија за односи со јавност која на барање на странка доставува анонимизиран примерок од одлука (член 101)**

Претседателот ја извести Комисијата дека е формирана канцеларија за односи со јавност каде е распореден еден стручен соработник, но судот немал примено барања за аноминизиран примерок од одлука.

**18. Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети и негово физичко присуство (член 89 од СД)**

Надзорната комисија беше известена дека советник – информатичар е задолжен за АКМИС-от. Задолженото лице беше повикано и со него лично разговараа членовите на комисијата околу различни аспекти за организацијата на АКМИС-от и неговата примена во судот.

Надзорната комисија беше известена дека автоматска распределба на предмети се врши од страна на уписничарите, додека автоматска прераспределба на предметите се врши од страна на водителот на уписник во секој оддел врз основа на одлука од претседателот.

Сите уписници по кои постапуваат повеќе судии се вклучени во автоматска распределба, но постојат и уписници по кои постапува само еден судија и тоа: УПП, ЗАВ-Х, ИКП, ИДС, КМ, ЗАМ-С, ИОИП-МБ, ЗАМ-К. и СУ- уписниците од судска управа за кои постапува претседателот на судот.

**19. Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети, за 2017, 2018 и 2019 година (175 став 5 СД)**

На Надзорната комисија и беа доставени на увид одлуките за исклучување и вклучување на судија. Констатирано беше дека одлуки за исклучување се носат заради боледување или користење на годишен одмор од страна на судија за отуство подолго од 5 (пет) дена, а соодветно се носат одлуки за повторно вклучување на судијата во распределба на предмети.


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

**20. Сите месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување (член 8 од ЗУДПС)**

Членовите на надзорната комисија беа известени дека месечните извештаи на работното тело се доставуваат до претседателот на судот редовно. Беше препорачано да се ревидира рокот за достава на овие извештаи на 3-месечно ниво.

***ПРЕПОРАКА: Да се преиспита рокот предвиден во Законот за управување со движење на предметите за достава на месечните извештаи.***

**21. Дали месечните извештаи на Работното тело се доставуваат на увид на повисокиот суд, согласно заклучокот на работен состанок од Велес 2013**

Надзорната комисија беше известена дека се постапува согласно наведениот заклучок, односно дека работното тело на Основниот суд во Куманово ги доставува месечните извештаи до Апелациониот суд Скопје.

**22. Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради изземање на судија, и одлуките за изземање за 2017, 2018 и 2019 година**

Надзорната комисија од увидот во АКМИС-от констатираше дека во Основниот суд во Куманово се носат одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради изземање на судија со образложение преку АКМИС-от.

**23. План за годишен одмор на судиите, за 2017, 2018 и 2019 година (член 115 СД)**

Надзорната комисија беше информирана дека план за годишен одмор не се носи, туку шефот на одделот го прави распоредот за дежурства, а судиите користат годишен одмор за време на судската ферија согласно меѓусебен договор што се евидентира на записник од одржан колегиум на сите судии.

***ПРЕПОРАКА: Да се носат планови за годишни одмори на судиите како што е предвидено со членот 115 од Судскиот деловник.***

**24. Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот**

За време на увидот детално се проверени уписниците од 2017, 2018 и 2019 година. Нема нераспределени предмети во ниту еден уписник.

Редовните предмети се распределуваат автоматски во сите уписници кои се вклучени на автоматска распределба, освен поврзаните предмети, итните предмети и предмети од уписници за кои е доделен само еден судија.

**25. Сите одлуки за рачна распределба на предмети, од АКМИС за 2017, 2018 и 2019 година**

Претседателот на судот ги извести членовите на Надзорната комисија дека рачна распределба на предмети има кај предметите по кои постапува само еден судија (малолетници, стопански предмети и извршување на санкции).

За време на надзорот, Надзорната комисија констатираше дека во судот има многу прераспределени предмети што се должи на честите прераспоредувања на судиите да постапуваат по предмети од еден на друг уписник.

**ПРЕПОРАКА: При прераспределба на предмети, согласно промените во годишните распореди, да се внимава при изборот на моделот на прераспределба, односно предметите да се прераспределуваат автоматски.**

**26. Преглед на информатичката опрема со која располага судот.**

На Надзорната комисија не и беше доставен на увид список на ИТ опрема со која располага Основниот суд Куманово. Бевме известени дека се прават резерви копии на базата на податоци, но истата не е тестирана досега на ниво на судови во Република Северна Македонија и беше нагласена потребата за зголемување на капацитетот на серверите.

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

***ПРЕПОРАКА: ИТНО да се зајакнат капацитетите на серверите за да се овозможи непречено фунцкионирање на АКМИС-от. Да се набават нови сервери за судовите во РСМ се со цел нормално функционирање на АКМИС-от.***

**27. Скенирање на влезни документи**

Надзорната комисија беше информирана дека од влезните документи во Основниот суд во Куманово се скенираат исклучиво второстепените одлуки. Беше нагласено дека судот има само 4 (четири) скенери што е недоволно со обемот на списите.

***ПРЕПОРАКА: Да се преземат чекори за надминување на проблемот со скенирање на влезни документи со обезбедување на техничка опрема.***

**28. Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник**

Надзорната комисија беше информирана дека распределбата на предметите во судот се врши еднаш дневно и тоа во 14.00 часот. Итните предемети се распределуваат веднаш.

**29. Објавен број на анонимизирани судски одлуки на судски веб порталот во однос на вкупен број одлуки донесени во судот**

Надзораната комисија беше информирана дека во судот се објавуваат анонимизирани одлуки на судскиот веб портал и тоа до моментот на надзорот се објавени 30 994 одлуки и тоа во 2017 година се објавени 3319 одлуки, во 2018 година се објавени 2764 одлуки и во 2019 година се објавени 647 одлуки).

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Претставниците на судот го истакнаа проблемот со анонимизација на судските одлуки, посебно обработка на неправосилните одлуки, чувањето на одлуките по повеќе пати и се прави бази на одлуки што непотребно држат место на серверите.

***ПРЕПОРАКА: Да се преиспита целисходноста од анонимизација и објавување на неправосилните одлуки и соодветно да се предложат законски измени за тоа прашање.***

**32. Електронски прием на предмети од страна на судиите**

Надзорната комисија беше информирана дека електронскиот прием од страна на судиите се врши редовно.

**33. Уписници што се водат во хартиена форма**

Надзорната комисија беше информирана дека во Основниот суд во Куманово нема уписник во хартиена форма, односно сите уписници се водат електронски.

Увидот заврши на ден 23.04.2019 година во 13:15 часот.

Членови на надзорна комисија:



Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk